Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Комисија за одлучување по прекршок
Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje
Скопје-Shkup
Примено / E pranuar: 28.01-26
Орг.Един. / Nj. Org. | Број / Numri | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë
09-40/1



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Габријела Михајловска - претседател на совет, Весна Јовановска и Елеонора Хамулиќ Ајро - членови на советот, со записничар Кристина Николовска Георгиевска – судски референт, одлучувајќи по тужбата на тужителот Арена Чанелс Груп Друштво за телекомуникации ДОО Београд, поднесена преку полномошник Адвокатско друштво Апостолска, Александровски и Партнери Скопје и тужбата на тужителот Македонски Телеком АД за електронски комуникации Скопје, поднесена преку полномошник Адвокатско друштво Поповски и Партнери од Скопје, против Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.бр.09-11/2 од 15.03.2022 година, за заштита на конкуренцијата, вредност на спорот 2.500.000,00 денари, по одржаната јавна расправа на ден 23.12.2025 година, во присуство на полномошникот на тужителот Арена Чанелс Груп Друштво за телекомуникации ДОО Београд, адвокат Светлана Трендова од Скопје, полномошникот на тужителот Македонски Телеком АД за електронски комуникации Скопје, адвокат Татјана Поповски Булоски од Скопје, претставнци на тужениот орган – Борче Рамоски - Претседател на Комисијата за одлучување по прекршок, Соња Дејанова Лапе – Државен советник и Надица Четорошка – Раководител на сектор, на ден 25.12.2025 година, согласно член 59 став 1 од Законот за управни спорови, донесе и јавно објави:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Арена Чанелс Груп Друштво за телекомуникации ДОО Белград и тужбата на тужителот Македонски телеком Акционерско друштво за електронски комуникации-Скопје, против решението на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата Скопје ПП.бр.09-11/2 од 15.03.2022 година, СЕ ОДБИВААТ КАКО НЕОСНОВАНИ.

Р Е Ш Е Н И Е

Барањата на тужителот Арена Чанелс Груп Друштво за телекомуникации ДОО Белград и барањето на тужителот Македонски телеком Акционерско друштво за електронски комуникации-Скопје да се задолжи тужениот орган да им ги надомести трошоците по постапката, СЕ ОДБИВААТ КАКО НЕОСНОВАНИ.

Секоја странка ги сноси своите трошоци по постапката.

О б р а з л о ж е н и е

Со решение на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.181/2024 од 14.07.2025 година, во став I уважени се жалбата на тужителот Арена Чанелс Груп Друштво за телекомуникации ДОО Београд и жалбата на тужителот Македонски Телеком АД за електронски комуникации Скопје, пресудата на Управниот суд УПРК.бр.7/2024 од 03.06.2024 година, се укинува и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување пред Управниот суд. Во став II од изреката е одлучено за барањето на тужителот Арена Чанелс Груп Друштво за телекомуникации ДОО Београд, за надомест на трошоците во постапката да одлучува првостепениот суд.

Постапувајки по напатствијата на Вишиот управен суд, Управниот суд за ден 23.12.2025 година, закажа и одржа јавна расправа во присуство на странките.

На одржаната јавна расправа, полномошникот на тужителот Арена Чанелс Груп Друштво за телекомуникации ДОО Белград, адвокат Светлана Трендова изјави дека останува во целост на наводите од тужбата, поднесените писмени поднесоци и изнесеното на претходните расправи, со предлог тужбата да се уважи во целост. Укажа дека за предметниот спор веќе постојат правосилни и извршни пресуди со јасни насоки за постапување од страна на тужениот орган кој истиот не ги применил иако истите се обврзувачки согласно член 13 од Законот за управни спорови и со таквото постапување е повредено начелото на задолжителност на правосилните судски пресуди. Во конкретниот случај факт е дека сите прашања кои што се предмет на овој спор биле одлучени и решени од страна на Управен суд со пресуди УПРК.бр.5 и 6/2018 од 13.02.2019 година и пресудите УПРК бр.4 и 5/2021 од 27.01.2022 година. Наведе дека овие пресуди не се во колизија и од нивната содржина може неспорно да се утврди дека тие даваат насока за правилно утврдување на фактичката состојба и материјалното право до тужениот орган, како и насоки при одлучување да ја има предвид одлуката на Европската комисија за заедничка продажба на комерцијални права за УЕФА Лига на шампиони COM-C2-37398 од 23 јули 2003 година. Согласно член 60 став 5 од ЗУС тужениот орган е врзан за правното мислење на судот во однос на примената на материјалното право, но и за неговите ставови кои се однесуваат на постапката. Со предметното решение не била правилно утврдена дефиницијата за заеднички пазар, како и останатите елементи за да се донесе законито решение. Еден од тие елементи биле и пазарните удели кои тужениот орган ги има утврдено неправилно без никаква анализа во однос на тоа на кој пазар се однесуваат како и параметри и методолошки алатки кои се употребени за утврдување на таквите пазарни удели. Поради фактот што постапката на тендерот за спорните медиумски права е добиена на транспарентен тендер разпишан од УЕФА, смета дека не е возможно да се утврди прекршување на било која страна од страна на национален орган за заштита на конукренцијата вкучително и КОП и тужениот орган бидејќи овие права се добиени во постапка на која што подеднакво право имале да учесствуваат сите заинтересирани страни, па не постои прекршување кое што било утврдено во Решението на тужениот орган.

Полномошникот на тужителот Македонски телеком АД за електронски комуникации Скопје, адвокат Татјана Поповски - Булоски, изјави дека во целост останува кон поднесената тужба и поставеното тужбено барање. Истакна дека ова е трет пат како што предметот се враќа на повторно постапување, меѓутоа последните два пати заради укинување на пресуда на Управниот суд, додека првиот пат пресудата на овој суд била потврдена од страна на Вишиот управен суд. Ова од причина што пресудата што била донесена во 2018 година од страна на Управниот суд била произнесување на судот по сите суштествени околности во предметната - правна работа. За разлика од таа пресуда двете последователите пресуди кои што се укинати од Вишиот управен суд се дијаметрално спротивни во однос на првата пресуда од 2018 година и не била издржана тезата на тужениот орган дека претходните две пресуди биле укинати само во однос во делот на одлуката за казната односно за глобата, туку видно и од Решението на Вишиот управен суд УПРЖ 181/24, овој суд требало да ги расправи сите фактички прашања на кои укажуваат тужителите, а исто така и правилно да го примени

материјалното право. Наведе дека: била поднесена обемна тужба на 20-тина страни и во целост останува на тие наводи, како и на наводите од Поднесокот од 27.10.2025 година, како и во жалбените наводи, осврнувајќи само на неколку битни околности дека предметното решение е целосно незаконито, пред се од причина што како решавачки доказ за утврдување на фактичката положба, а потоа и погрешната примена на материјалното право тужениот се осврнува на статистичкиот извештај од АВМУ. Напомена дека предметниот извештај бил прибавен од страна на тужениот орган по завршување на постапката пред тужениот орган, по донесувањето на првото решение ПП 09-7/13 од 3 мај 2018 година, без ваквиот извештај да им се достави на странките и да се отвори повторно постапката пред тужениот орган што е спротивно на член 42 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата. Предметното прелиминарно известување не се засновало на ваквиот извештај од АВМУ кој што бил прибавен дури во 2020 година, надвор од правилата на општата управна постапка и Законот за прекршоци кој што се применува во оние делови во кои Општата управна постапка не ги уредува ваквите прашања а ги уредува Законот за заштита на конкуренцијата. Оттука, смета дека е направен груба повреда на процесните правила на постапката што претходела на донесувањето на спорното решение. Предметното решение се засновало на погрешна дефиниција на релевантниот пазар, оваа дефиниција е претесна и погрешна, истата не определува конкретна стока или услуга, туку упатува на активност емитување односно реемитување. Дефиницијата прифатена од тужениот орган не го прецизира видот на емитување или реемитување на кои дефиницијата се однесува: факт е дека авторските дела може радиодифузно да се емитуваат односно реемитуваат преку радио или преку телевизија. Наводите на тужениот орган за наводната големина на пазарот, бројот на учесници и пазарните удели на учесниците, како и применливоста на уредбата за групни изземања, со оглед дека широката дефиниција би ги опфатила и радиостаниците, тужениот орган воопшто не ги земал во предвид истите во својата анализа за големината и видот на релевантниот пазар изнесена во утуженото решнение. Дефиницијата на релевантниот пазар била спротивна на Законот за авторското право и дефиницијата ги исклучувала и сите останати фудбалски натпревари во тој временски период кои редовно се одигрувале секоја година вклучувајќи ги и фудбалските натпревари од националната прва и втора лига и купот на државата. Побара посебно да се има во предвид дописот доставен од страна на УЕФА до тужениот орган и образложениеото изнесено во истото, а особено во конотацијата на одлуката на европската комисија од 2003 година, согласно која тендерот на кој тужителот се стекнал со предметните права бил спроведен во согласност со правилата за набавката кои што ги утврдила Европската комисија и кои што стекнатите права и самата постапка не може да се менуваат со одлуките на националните органи за заштита на конкуренцијата. Тужениот орган не ги применил одредбите од член 3 став 3 од Законот за заштита на конкуренција кои што директно повикуваат на правилна имплементација на членот 69 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзини земји членки која што Спогодба е уредно ратификувана од страна на Собранието на РМ и истата има сила на закон дури согласно Законот за судовите ваквата меѓународна Спогодба има дури и повисока сила од домашен закон. Самото иницирање на предметната постапка пред туженот орган без сериозна намера за било каква деловна соработка, а со цел само да се предизвика постапување на тужениот орган може да се смета и за своевидна злоупотреба на процесните права кои што може да доведат до опстојување на ваквата погрешна одлука, со што би се овозможило стекнување

на права за надомест на штета спротивно на сите материјални и процесни правила.

Претставникот на тужениот орган Борче Размоски изјави дека тужениот орган останува во целост на наводите изнесени во одговорите на тужба и наводите изнесени во претходните постапки. Наведе дека во оваа фаза нема основа за повторно утврдување на фактичката состојба бидејќи со пресудите на Управниот суд УПРК.бр. 4 и 5/2021, судот веќе ја утврдил фактичката состојба, ги ценел релевантните факти и докази дадени од страна на тужителите и изречно констатирал дека е сторен прекршок согласно Законот за заштита на конкуренција. Поништувањето на актот на Комисијата со тие пресуди не е извршено поради отсуство на прекршок или погрешно утврдена фактичка состојба туку исклучиво поради погрешна примена на материјалното право во однос на одмерувањето на прекршочната санкција односно поради потребата да се примени поблагиот закон. Истото е сторено и со пресудата на овој суд УПРК.бр.2 и 3/2022, во таа насока согласно член 60 став 5 од Законот за управни спорови органот е врзан за правното мислење на судот и насоките дадени во пресудата, а тие насоки се јасни и недвосмислени и се однесуваат исклучиво на висината и начинот на одмерување на глобата. Дополнително укажа дека против пресудата од 2021 година, тужителите не изјавиле жалба до Вишиот управен суд поради тоа што истата станала правосилна во делот на утврдената фактичка состојба и со тоа прашањата кои што се однесуваат на постоењето на прекршокот, релевантниот пазар и доминантната позиција и забранетите одредби од склучениот договор помеѓу тужителите се решени и претставуваат res judicata или пресудена работа. Сите наводи и докази кои тужителите ги изнесуваат, а кои се насочени кон повторно утврдување на фактичката сосотјба не можат да бидат предмет на оценка од страна на судот во оваа фаза од постапката. Предмет на оценка може да бидат исклучиво прашањата дали комисијата ја одмерила глобата согласно поблагиот закон и согласно насоките дадени од страна на Управниот суд. Предложи судот да ги одбие тужбите како неосновани и да го потврди Решението донесено од страна на КОП.

Во доказна постапка Судот со читање изврши увид во Решение на Вишиот управен суд УПРЖ бр. 181/2024 од 14.07.2025 година, тужбите поднесени од страна на тужителите кон кои е доставено оспореното Решение, Тековна состојба од Централен регистар на РСМ од 23.03.2022 година и тоа за тужителот Македонски телеком АД за електронски комуникации Скопје, Пресуда на Управниот суд УПРК.бр.5/2018 и УПРК бр. 6/2018 од 13.02.2019 година, Поднесок од 19.04.2022 година, кон кој е доставена експертска анализа за конкурентските аспекти на случајот од страна на Македонски телеком АД Скопје против тужениот орган за случајот на ТЕЛЕНЕТ КОМ ДОО Тетово против македонски Телеком АД Скопје, Одговори на тужба од тужен орган од 14.04.2022 година, Поднесок од страна на тужителот АРЕНА Ченелс ГРУП од 17.03.2023 година, Поднесок од 27.11.2025 година од страна на тужителот АРЕНА ЧЕНЕЛС ГРУП и Поднесок од страна на тужителот Македонски телеком АД за електронски комуникации Скопје од 27.10.2025 година. Останатите докази поради обемниот доказен материјал странките се согласни да не се читаат.

Во завршни зборови полномошникот на тужителот Арена Чанелс Груп Друштво за телекомуникации ДОО Белград, адвокат Светлана Трендова изјави дека во поглед на наводите на тужениот орган на денешното рочиште укажува дека Вишиот управен суд со решение УПРЖ бр.181/2024 од 14.07.2025 година во

предметниот спор има дадени јасни насоки на страна пет и на страна шест од решението каде што му укажува на Управниот суд дека во конкретниот случај тужителите го оспоруваат не само материјалното право, туку ја оспоруваат и фактичката состојба и затоа овој суд треба да одржи јавна расправа на која целосно и правилно ќе ја утврди фактичката состојба и правилно ќе го примени материјалното право и процесниот закон. Во поглед на наводите дадени за тоа дека тужителите за пресудата од 2022 година на Управниот суд имале право да ја обжалат истата укажува дека согласно одредбите од ЗУС не е дозволено право на жалба каде што е усвоено во целост тужбеното барање. Од сите предложени докази и наводи дадени во постапката смета дека тужбеното барање е во целост основано, особено имајќи го во предвид ченот 3 став 3 од ЗЗК каде што јасно е утврдено дека во оцена на облиците на нарушување на конкуренцијата кои може да имаат влијание на трговијата меѓу РСМ и европските заедници се применуваат критериумите кои произлегуваат од правилната примена на правилата за конкуренција во ЕУ. Врз основа на оваа одредба тужениот орган бил должен да ја примени Одлуката на европската комисија за заедничка продажба на комерцијални права на УЕФА - Лига на шампиони бидејќи овие права се предмет на спорот. Укажува дека покрај тоа што тужениот орган не го применил овој член погрешно ги утврдил релевантниот пазар и пазарните удели на тужителите на начин што поставил погрешна дефиниција за пазарот кој ја темелил исклучиво на извадок од статистички извештај од истражување - референца за спортски содржини кој е одржан на 06 до 15 декември 2019 година, односно период кој не е соодветен за периодот во кој се емитувале спорните спортски содржини. Натпреварите кои се предмет во решението на КОП се однесуваат за период 2015 до 2018 година. Дополнително во овој извештај бидејќи истиот не е соодветен за утврдување на фактичката состојба биле дадени две опции односно прашањето било дали ги гледале УЕФА натпреварите или националните лиги и купови. Ваквото прашање е нејасно и испитувачите се доведени во заблуда бидејќи не било наведено за кои национални лиги и купови се однесувало прашањето. Ова било важно од аспект што во претходните пресуди овој суд имал дадено насоки со кои му укажува на тужениот орган дека националните лиги и натпревари од Шпанска, Италијанска, Француска и Германска лига се потполно заменливи со УЕФА Натпреварите бидејќи сите натпревари од УЕФА лигата не се со идентична популарност и гледаност како што се натпреварите од националните лиги и купови од државите кои претходно се напоменати. На ваквите пропусти во однос на укажувањето на неправилно дефиниран пазарен удел и релевантен пазар на тужениот орган му укажала и самата организација - УЕФА со својот допис, за кој допис за прв пат дознале дека постои на ова рочиште односно на претходните рочишта на овој спор. Имајќи го предвид член 3 став 3 од ЗЗК ова дефиниција била обврзувачка за тужениот орган. Со оглед на сите овие наводи и факти дека оспореното Решение е во целост незаконито предлагана судот истото да го поништи како такво бидејќи станува збор за постапка што се води по трет пат пред Управен суд и бара да се одлучи со полна јурисдикција. Трошоци побара согласно писмен трошковник кој ќе го достави во текот на утрешниот ден.

Во завршни зборови полномошникот на тужителот Македонски Телеком АД за електронски комуникации Скопје, адвокат Татјана Поповски Булоски изјави дека останува во целост кон сите досега дадени наводи и побара судот да ги земе како дел од завршниот збор образложенијата изнесени од страна на Управниот суд во Пресудата УПРК.бр.5 и 6/2018 од 13.02.2019 година потврдена со одлуката

на Вишиот управен суд УПРЖ 516/2019. Се осврна на тезата дека овој спор не е res judicata како што наведува тужениот орган. Од процесен аспект за статистичкиот извештај од АВМУ посочи дека одлуката се заснова на тој доказ кој што е прибавен и прифатен спротивно на член 42 став 1 од ЗЗК вв. со член 67 став 1 од ЗОУП и член 2 од Законот за прекршоците вв. со одредбите од Кривичниот законик кои се однесуваат на обвинет и одредбите од член 6 од Европската конвенција за заштита на човековите права каде што е повредено и правото на одбрана на тужителот во текот на прекршочната постапка. Побара тужбата и тужбеното барање да бидат усвоени и оспореното Решение на тужениот како што е наведено во тужбата да биде поништено во целост, а тужениот орган да ги надомести трошоците на постапката согласно трошковникот според важечката АТ што ќе го достави во рокот што ќе го определи судот.

Во завршни зборови претставникот на тужениот орган Надица Четорошка изјави дека КОП истакнува дека во повторната постапка целосно постапил согласно пресудата на Управниот суд и сгласно член 60 став 5 од ЗУС, за што сведочи и пасос четири на страна пет од пресудата УПРК бр. 4 и 5 /2021. Фактичката сосојтба и постоењето на прекршокот се веќе утврдени и правосилни, а предмет на оценка во оваа постапка можела да биде само висината на прекршочната санцкија и примената на поблагиот закон на сторителот на прекршокот. Со оглед дека КОП ја утврдил висината на прекршочната санкција согласно законските критериуми и судските насоки му предложи на судот да ги одбие тужбените барања на тужителите и во целост да го потврди оспореното Решение на тужениот орган.

Управниот суд постапувајки по тужбите на тужителите, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорите на тужбата и списите на предметот, изјавите на странките и изведените докази најде:

Тужбите на тужителите се неосновани.

Видно од списите на предметот е дека до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата од страна на Теленет КОМ ДОО, Тетово, застапувано од полномошник Сања Милановиќ, адвокат од Скопје, било поднесено барање за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-11/1 од 13.02.2017 година против Македонски Телеком АД Скопје и Арена Чанелс Груп Друштво со ограничена одговорност, Белград, во кое се наведува дека Македонски телеком и Арена Чанелс Груп сториле прекршок од член 59 став 1 точка 1 в.в со член 7 став 1 т.2 и т.4 од Законот за заштита на конкуренцијата. Во барањето Теленет наведува дека во текот на 2012 година, како и во текот на 2015 година во два наврати Македонски Телеком и Арена Чанелс Груп склучиле забранети договори за техничка реализација на дистрибуција (реемитување) на аудиовизуелни содржини на начин што врз основа на претходно склучените договори за право на емитување на фудбалските натпревари во рамките на Лига на шампиони на УЕФА, Лигата на Европа на УЕФА и Супер купот на УЕФА за натпреварувачките сезони 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година со Унијата на европски фудбалски асоцијации, склучиле меѓусебни договори за техничка реализација за реемитување на аудиовизуелните содржини од натпреварите на Лига на шампиони, која ќе се врши преку телевизиските канали Арена Спорт 1,2,3 и 4,

сопственост на Арена Чанелс Груп, со нивна натамошна дистрибуција на примените содржини само и исклучиуво преку ИПТВ, интернет и мобилна безжична технологија на Македонски телеком, со што без за тоа да постојат оправдани фактички и правни причини го ограничуваат пазарот и применуваат различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што другите трговски партнери се ставаат во понеповолна конкуретска позиција на пазарот.

Одлучувајќи во повторна постапка, согласно напатствијата на Управен суд дадени во Пресуда УПРК.бр.4/2021 и УПРК.бр.5/2021 од 27.01.2022 година, Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, го земала во предвид членот 3 став 2 од Кривичниот законик и членот 2 став 1 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ бр.124/15 и бр.211/16) согласно кој, ако по извршување на кривичното дело е изменет законот, еднаш или повеќе пати, ќе се примени законот што е поблаг за сторителот. Притоа, применувајќи го членот 26 став 5 од Законот за прекршоци („Службен весник на РСМ“ бр.69/19), како поблаг закон според Управниот суд на кој член упатува и Пресудата, тужениот орган утврдил дека истиот се однесува на глоба како прекршочна санкција која му се изрекува на сторител на прекршок кој е физичко лице. Со оглед на фактот дека сторителите на прекршокот Македонски телеком и Арена Чанелс Груп се правни лица, утврдил дека во конкретниот случај не може да се примени наведениот член.

Од овие причини, тужениот орган во повторната постапка го ценел и членот 36 став 5 од Законот за прекршоци, кој пропишува прекршочни санкции на правните лица како сторители, според кој, за прекршоци од областа на конкуренцијата, електронските комуникации и трговијата со забранаети или ограничени стоки за употреба, како и во други области опфатени со законодавството на Европската унија може да се пропише глоба во процентуален износ, но најмногу до 10 % од приходот на правното лице остварен во претходната година. Утврдено е дека член 36 ств 5 од Законот за прекршоци пропишува дека иста прекршочна санкција – глоба како и член 59 став 1 т.1 од Законот за заштита на конкуренција, според кој на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му се изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и ниминален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување. Исто така, утврдено е дека во периодот во кој е сторен прекршокот од 10.08.2015 година до 31.08.2018 година, покрај Законот за заштита на конкуренција, важел и Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ бр.124/15 и бр.211/16). Во наведениот закон, во член 38 став 7 е пропишано, за одделни прекршоци од областа на заштита на конкуренцијата, најтешко категоризираните прекршоци од областа на животната средина, како и други области определени со закон може да се пропише глоба во процентуален износ кој изнесува 2 % од вкупните приходи на правното лице во претходната финансиска година, а во однос на одделни прекршоци од областа на електронските комуникации до 10 % од вкупните приходи на правнотот лице во претходната финансиска година. При изрекувањето и одмерувањето на висината на глобата Комисијата за одлучување по прекршоците, за прекршокот кој им се става на товар на сторителите, во конкретната постапка го применува Законот за

прекршоците („Службен весник на РМ“ бр.124/15 и бр. 211/16) како поблаг закон. Па така, Комисијата за одлучување на прекршоците при пресметка на глобата која треба да му се изрече на Македонски Телеком АД Скопје, тргнала од член 38 став 7 од Законот за прекршоци согласно кој за одделни прекршоци од областа на заштитата на конкуренцијата, може да се пропише глоба во процентуален износ кој изнесува до 2 % од вкупните приходи на правното лице во претходната финансиска година, при што се земени во предвид приходите од остварени во 2021 година како последна финансиска година. На основа наведеното, Комисијата, на Македонски Телеком, за сторениот прекршок од член 59 став 1 т.1 в.в со член 7 став 1 т.2 од Законот за заштита на конкуренцијата, му изрекува глоба во износ од 1.515.780 денари, што претставува XXX% од вкупниот приход на Македонски телеком остварен во 2021 година, како претходна финансиска година. Комисијата за одлучување по прекршоците, при пресметка на глобата која треба да му се изрече на Арена Чанелс Груп, како основа го зема член 38 став 7 од Законот за прекршоците, согласно кој за одделни прекршоци од областа на заштитата на конкуренцијата, може да се пропише глоба во процентуален износ кој изнесува до 2 % од вкупните приходи на правното лице во претходната финансиска година. Имено, при утврдувањето на глобата на Арена Чанелс Груп, како основа ги зема вкупните приходи остварени во 2020 година како последна финансиска годиона за која има составено финансиски извештаи (кои тужениот орган ги прибавил он лајн од Агенцијата за стопански регистри на Република Србија, а со оглед на фактот дека при носење на решението Агенцијата ги нема објавено финансиските извештаи за 2021 година), а кои приходи изнесуваат 6.065.976.000 динари, односно 51.745.332,79 евра (по среден курс на Народна банка на Република Србија на 31.12.2020 година 1 евро = 117,2275 динари), односно 3.192.376.561 денари (по среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на 31.12.2020 година 1 евро = 61,6940 денари). Глобата на Арена Чанелс Груп за сторен прекршок од член 59 став 1 в.в со член 7 став 1 т.2 од Законот за заштита на конкуренцијата, е утврдена согласно член 39 став 1 од Законот за прекршоци, согласно кој одмерувањето на висината на глобата се врши врз основа на следните критериуми: вкупен приход остварен во претходната фискална година, просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на претходниот месец во однос на месецот во кој е сторен прекршокот и претходното поведение на сторителот. На основа наведеното, Комисијата утврдила дека глобата која треба да се изрече на Арена Чанелс Груп изнесува 1.515.780 денари. Глобата која му се изрекува на Арена Чанелс Груп, за прекршокот, изнесува 1.288,413 денари, што претставува приближно 0,0404% од вкупниот приход на Арена Чанелс Груп остварен во 2020 година.

Тужениот орган, со цел да утврди дали на наведениот релевантен пазар има претпријатие со доминантна позиција, извршила анализа на Договорот за медиумски права за Лига на шампиони на УЕФА и Супер купот на УЕФА за сезоните 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година и Договорот за медиумски права за УЕФА Европска лига, за сезоните 201/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година склучени помеѓу УЕФА и Арена Чанелс Груп, на Договорот за медиумски права за Лига на шампиони на УЕФА и Супер купот на УЕФА, за сезоните 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 и Договорот за медиумски права за УЕФА, Европа лига, за сезоните 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година склучени помеѓу УЕФА и МРТВ и на Договорот за дистрибуција склучен помеѓу Македонски телеком и Арена Чанелс Груп. Од анализата произлегло дека Арена Чанелс Груп е ексклузивен имател на правата за прикажување на 20 натпревари во живо по

сезона во рамките на пакетите А1 од Лига на шампиони на УЕФА, екслузивен имател за прикажување на 112 натпревари во живо по сезона во рамките на пакетите Б од лигата на шампиони на УЕФА, како и ексклузивен имател на правата за прикажување на 193 натпревари во живо по сезона во рамките по пакетите на пакетот Б од УЕФА Европска лига, додека пак МРТВ е ексклузивен имател на правата за прикажување на 18 натпревари во живо по сезона во рамките на пакетите А2 од Лигата на шампиони на УЕФА и еклсузивен имател на правата за прикажување на 15 натпревари во живо по сезона во рамките на пакетите А од УЕФА Европа лига.

Врз основа на Договорот за дистрибуција склучен помеѓу Македонски телеком и Арена Чанелс Груп, Македонски телеком станува ексклузивен дистрибутер на каналите на Арена Спорт на територијата на Република Северна Македонија и има неограничени права овие канали да ги продава и на други оператори на територијата на Република Северна Македонија. На Арена Спорт каналите меѓу другото се емитуваат и натпреварите на Лига на шампиони на УЕФА и УЕФА Европа лига за сезони 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година, за територија на Реублика Северна Македонија. Во секоја од наведените сезони Македонски телеком и МРТВ имаат право да пренесуваат вкупно 358 натпревари од кои Македонски телеком има право да пренесува 325 додека МРТВ има право да пренесува 33 натпревари.

Врз основа на наведените податоци, Комисијата, утврдила дека пазарниот удел на Македонски телеком на пазарот на емитување односно реемитување на натпреварите од Лига на шампиони на УЕФА и УЕФА Супер купот и УЕФА Европа лига на територијата на Република Северна Македонија за сезоните 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година изнесува 90,8%, додека пазарниот удел на МРТВ за наведените сезони изнесува 9,2%. Оттука, неспорно произлегува дека Македонски телеком има доминатна позиција на пазарот.

На основа наведеното, Комисијата утврдила дека Македонски телеком како претпријатие кои има доминантна позиција на пазарот за емитување односно реемитување на натпреварите од Лига на шампиони на УЕФА и УЕФА Европа лига на територијата на Република Северна Македонија, во периодот од 07.03.2016 година до 31.08.2018 година, ја злоупотребило својата доминантна позиција на наведениот пазар, на начин што на ден 07.03.2016 година, со допис број 10-96234/1 го одбил барањето за склучување на големопродажен договор за реемитување на Арена Спорт каналите кои се емитување односно реемитување на натпреварите од Лига на шампиони на УЕФА и УЕФА Европа лига на територијата на Република Северна Македонија со образложение дека авторските права за содржината на програмските сервиси не се предмет на големопродажба туку носителот на авторските права, во случајот Македонски телеком има право да располага со истите и согласно тоа да одлучи дали ќе ги пренесе на Теленет притоа наведувајќи дека Македонски телеком не е заинтересиран да ги пренесе авторските права за содржините кои се емитуваат на Арена спорт каналите, со што неправдано одбил да тргува со други претпријатија со намена на нечесен начин да им нанесе штета, кое нешто е забрането со член 11 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата и истото претставува прекршок од член 59 став 1 т.2 во врска со член 11 став 2 од т.5 од истиот. При пресметувањето на глобата која му се изрекува на Македонски телеком, Комисијата го применила член 38 од поблагиот закон – Законот за

прекршоци („Службен весник на РМ“ бр.124/15 и бр. 211/16). Па така, за основа биле земени вкупните остварени приходи од 2021 година кои изнесувале вкупно 11.308.027.961 денари, а глобата која можела да се изрече во процентуален износ, изнесувала 2 % од вкупните приходи на правното лице во претходната финансиска година. Врз основа на наведеното, согласно член 39 став 4 од Законот за прекршоците, по основ на критериуми „претходно поведение на сторителот“ на Македонски телеком му се изрекува XXX% од глобата бидејќи на Македонски телеком со Решението ПП.бр.09-6/1 од 11.01.2018 година на Комисијата за одлучување по прекршоците, изречена е правосилна прекршочна санкција. Глобата која му се изрекува на Македонски телеком за сторен прекршок од член 59 став 1 т.2 в.в. со член 11 став 2 т.5 од Законот за заштита на конкуренцијата, изнесува 826.786 денари, што претставува XXX% од вкупниот приход на Македонски телеком остварен во 2021 година, како претходна финансиска година. Согласно член 39 став 12 од Законот за прекршоците, (ако судот односно прекршочниот орган утврди глоба за два или повеќе прекршоци во стек, единствената глоба збир на поединечно одмерени глоби, која не може да го надмине законскиот максимум на глобата пропишана за правното лице одднасно правното лице), Комисијата на Македонски телеком му изрекува единствена глоба во износ од 2.342.566 денари што претставува XXX% од вкупниот приход на Македонски телеком остварен во 2021 година, како претходна финансиска година.

При пресметка на глобата која треба да му се изрече на Арена Чанелс Груп, како основа е земен член 38 став 7 од Законот за прекршоците, согласно кој за одделни прекршоци од областа на заштитата на конкуренцијата, може да се пропише глоба во процентуален износ кој изнесува до 2 % од вкупните приходи на правното лице во претходната финансиска година. Имено, при утврдувањето на глобата на Арена Чанелс Груп, како основа ги зема вкупните приходи остварени во 2020 година како последна финансиска годиона за која има составено финансиски извештаи (кои тужениот орган ги прибавил он лајн од Агенцијата за стопански регистри на Република Србија, а со оглед на фактот дека при носење на решението Агенцијата ги нема објавено финансиските извештаи за 2021 година), а кои приходи изнесуваат 6.065.976.000 динари, односно 51.745.332,79 евра (по среден курс на Народна банка на Република Србија на 31.12.2020 година 1 евро = 117,2275 динари), односно 3.192.376.561 денари (по среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на 31.12.2020 година 1 евро = 61,6940 денари). Глобата на Арена Чанелс Груп за сторен прекршок од член 59 став 1 в.в со член 7 став 1 т.2 од Законот за заштита на конкуренцијата, е утврдена согласно член 39 став 1 од Законот за прекршоци, согласно кој одмерувањето на висината на глобата се врши врз основа на следните критериуми: вкупен приход остварен во претходната фискална година, просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на претходниот месец во однос на месецот во кој е сторен прекршокот и претходното поведение на сторителот. На основа наведеното, Комисијата утврдила дека глобата која треба да се изрече на Арена Чанелс Груп изнесува 1.515.780 денари. Глобата која му се изрекува на Арена Чанелс Груп, за прекршокот, изнесува 1.288,413 денари, што претставува приближно 0,0404% од вкупниот приход на Арена Чанелс Груп остварен во 2020 година.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителите поради следното:

Согласно член 3 став 2 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ“ бр.04/2005, 70/2006 и 22/2007), овој закон се применува на претпријатијата, здруженијата на претпријатија, поврзаните претпријатија и државната управа.

Согласно член 38 став 7 од Закон за прекршоците, („Службен весник на РМ“ бр.124/15 и бр. 211/16), за одделни прекршоци од областа на заштита на конкуренција, најтешко категоризираните прекршоци од областа на животната средина, како и во други области определени со закон може да се пропише глоба во процентуален износ кој изнесува до 2% од вкупните приходи на правното лице во претходната финансиска година, а во однос на одделни прекршоци од областа на електронски комуникаци до 10% од вкупните приходи на правното лице во претходната финансиска година.

Согласно член 39 од Законот, одмерувањето на висината на глобата се врши врз основа на следниве критериуми: - вкупен приход остварен во претходната фискална година, - просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на претходниот месец во однос на месецот во кој е сторен прекршокот и - претходно поведение на сторителот. (2) По основ на критериумот „вкупен приход остварен во претходната фискална година“ може да се изрече најмногу 70% од пропишаната глоба и тоа на следниов начин: - од 0 до 500.000 денари - 10%, - од 500.001 до 1.000.000 денари - 20%, - од 1.000.001 до 3.000.000 денари - 30%, - од 3.000.001 до 6.000.000 денари - 40%, - од 6.000.001 до 20.000.000 денари - 50%, - од 20.000.001 до 100.000.000 денари - 60% и - над 100.000.001 денари - 70%. (3) По основ на критериумот „просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на претходнот месец во однос на месецот во кој е сторен прекршокот “ може да се изрече најмногу до 20% од пропишаната глоба и тоа на следниов начин: - од 0 до 9 вработени - 5%, - од 10 до 49 вработени - 10%, - од 50 до 249 вработани - 15% и - над 250 вработен - 20%. (4) По основ на критериум “ претходно поведение на сторителот“ може да се изрече најмногу 10% од пропишаната глоба и тоа на следниов начин: - нема изречени правосилни прекршочни санкции - 0% и - изречени се правосилни прекршочни санкции - 10%. (5) Висината на глобата се одредува како процент од пропишаниот износ на глобата. (6) Одмерувањето на висината на глобата според критериумите утврдени во ставовите (2), (3) и (4) на овој член се врши на тој начин што процентот од ставот (5) на овој член претставува збир на сите проценти добиени во зависност од категоријата во која влегува сторителот во рамките на секој пропишан критериум. (7) На сторителот на ист прекршок, за секое наредно повторување на прекршокот одмерената глоба од ставот (6) на овој член се зголемува за по 10%, но не повеќе од висината на двократниот износ од пропишаната глоба за временски период од пет години. (8) Прекршочниот орган води евиденција за сторителите на прекршок и за изречените глоби за сторениот прекршок. (9) Содржината и начинот на водењето на евиденцијата од ставот (8) на овој член ја пропишува лицето кое раководи со прекршочниот орган. (10) Доколку правното лице односно трговец поединец во Централниот регистар на Република Македонија нема поднесено годишна сметка за претходната фискална година од која може да се утврди вкупниот приход, при одмерување на висината

на глобата ќе се земе во предвид просечниот вкупен приход на ниво на дејност која ја врши сторителот на прекршокот. (11) Централниот регистар на Република Македонија е должен да обезбеди и да достави обработени податоци за вкупниот приход, на барање на судот и прекршочниот орган, без надоместок. (12) Ако судот, односно прекршочниот орган утврди глоба за два или повеќе прекршоци во стек, единствената глоба претставува збир на поединечно одмерени глоби, која не може да го надмине законскиот максимум на глобата пропишана за правното лице односно трговец поединец.

Согласно член 7 од Законот, став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата,, забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуките на здруженијата на претпријатија и усогласеното однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои: 1) директно или индиректно ги фиксираат куповните или продажните цени или некои други услови за тргување; 2) го ограничуваат или го контролираат производството, пазарот, техничкиот развој или инвестициите; 3) го делат пазарот или изворите на снабдување; 4) применуваат различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што ги ставаат во понеповолна конкурентска позиција или 5) го условуваат склучувањето на договорите со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот. Став 2, договорите и одлуките или поединечните одредби од истите, кои се забранети согласно со ставот (1) од овој член, се ништовни. Став 3, одредбите од ставот (1) од овој член нема да се применуваат на договори, одлуки на здруженија на претпријатија и усогласено однесување што придонесуваат за унапредување на производството или дистрибуцијата на стоките или услугите или промовирање на техничкиот или економскиот развој, под услов од тоа да имаат сразмерна корист и потрошувачите, а кои што: 1) не им наметнуваат на засегнатите претпријатијата ограничувања кои што не се неопходни за постигнувањето на тие цели и 2) не им овозможуваат на тие претпријатија елиминирање на конкуренцијата во значителен обем за стоките или услугите кои се во прашање. Став 4, пПо исклучок и кога е тоа потребно заради заштита на јавниот интерес при примена на член 7 од овој закон, Комисијата за заштита на конкуренцијата може по службена должност, со решение да утврди дека овој член не се применува врз определен договор, одлука на здружение или усогласено однесување, бидејќи не се исполнети условите од член 7 став (1) или се исполнети условите од член 7 став (3) од овој закон.

Согласно член 11 од Законот, забранета е секоја злоупотреба на доминантната позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар или негов суштински дел. Став 2, Злоупотребата од ставот (1) од овој член особено постои во случај на: 1) директно или индиректно наметнување на нефер куповни или продажни цени или други нефер услови на тргување; 2) ограничување на производството, пазарите или техничкиот развој на штета на потрошувачите; 3) примена на различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што се ставаат во понеповолна конкурентска позиција; 4) условување на склучување договори со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи, не се во врска со предметот на договорот; 5) неоправдано одбивање да се тргува или поттикнување и барање од други претпријатија или здруженија на претпријатија да не купуваат или продаваат стоки и/или услуги на

некое определено претпријатие, со намера на нечесен начин да му се нанесе штета на тоа претпријатие; 6) неоправдано одбивање да му се овозможи пристап во сопствената мрежа или други инфраструктурни објекти на друго претпријатие за соодветен надомест, доколку без ваквото истовремено користење, другото претпријатие, заради правни или фактички причини биде оневозможено да дејствува како конкурент на определен релевантен пазар. Став 3, одредбата од ставот (2) точка 6) од овој член нема да се применува ако претпријатието со доминантна позиција докаже дека, заради оперативни или други причини, истовременото користење на неговата мрежа или на неговите инфраструктурни објекти не е возможно или дека тоа не може да се дозволи од оправдани причини.

Согласно член 59 став 1 од Законот, комисијата за одлучување по прекршок, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако: 1) склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување со кои се нарушува конкуренцијата во смисла на член 7 од овој закон; 2) стори злоупотреба на доминантна позиција во смисла на член 11 од овој закон; 3) не постапи по решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата од член 51 од овој закон; 4) не постапи по решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата од член 52 од овој закон;

Управниот суд, најде дека тужениот орган врз основа на правилно и целосно утврдена фактичка состојба, неспорно има утврдено дека сега тужителите се сторители на наведените прекршоци детално наведени во оспореното решение. Ова од причина што Судот со увид во списите, конкретно од расположивите докази и од образложението дадено во одговор на тужба како и од изјавата на тужениот орган, притоа раководејќи се по одредбите содржани од Законот за заштита на конкуренцијата, односно согласно член 7, член 11 и член 59 од Законот, најде дека од страна на тужениот орган правилно се ценети насоките во материјалниот дел по однос на глобата на сторителите односно изречени се глоби според поблагиот закон кој што важел од сторувањето на делото до денот на донесување на решението од страна на тужениот орган со кое е изречено глоба на сторителите на прекршокот. На таа основа, тужениот орган правилно го применил материјалното право и согласно член 38 и член 39 од Законот за прекршокот („Службен весник на РМ“ бр.124/15 и бр. 211/16), кој е поблаг закон, правилно ја одмерил прекршочната санкција односно глоба на тужителите.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот смета дека оспореното решение е законито, и истото основано е донесено во смисла на цитираните одредби.

Судот при одлучувањето ги ценеше тужбените наводи на тужителите како и наводите дадени на јавната расправа и истите ги оцени како неосновани бидејки правилно утврдил тужениот орган дека сега тужителите склучиле забранет договор чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата на штета на останатите оператори на јавни комуникациски мрежи кои вршат пренос на аудио-визуелни содржини до крајни корисници во Република Северна Македонија а со тоа и на самите потрошувачи со оглед на фактот дека во

Договорите за медиумски права на Лига на шампиони на УЕФА, Супер купот на УЕФА и УЕФА Европа лига што HD - WIN ги склучил со УЕФА, никаде не е наведено било какво ограничување да правата за емитување на натпреварите од Лига на шампионина УЕФА и УЕФА Европа лига бидат дадени на други оператори, доколку истите ги исполнуваат обврските кои ги наметнува УЕФА со предметните договори со кои ги пренесува тие права. Ова дотолку повеќе што наместо само претплатниците на Македонски Телеком да ги следат тие натпревари, истото ќе имаат можност да го следат и останатите претплатници на останатите оператори во Република Северна Македонија кое нешто е во интерес на УЕФА. Со ова настанува долгорочно нарушување на конкуренцијата на пазарот на емитување односно реемитување на натпреварите на Лига на шампиони на УЕФА и УЕФА Европска лига бидејки мал процентуален дел од потрошувачите имаат можност да ги следат наведените натпревари односно поголемиот дел не се претплатници на Македонски телеком согласно извештаите за развој на пазарот за четвртиот квартал од 2016 година и за третиот квартал од 2018 година.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбите на тужителите се неосновани и согласно член 59 став 1 од Законот за управни спорови одлучи како во изреката на пресудата.

По однос на барањата на тужителите за надомест на трошоци во постапката, Судот согласно член 86 став 3 од Законот за управни спорови одлучи како во изреката на решението.

ОДЛУЧЕНО ВО УПРАВЕН СУД на ден 25.12.2025 година под УПРК.бр.27/2025.

Претседател на совет - Судија
Габријела Михајловска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на истата, преку овој суд до Вишиот управен суд.

Одлуката да се достави на:
- тужителот Арена Чанелс Груп Друштво за телекомуникации ДОО Београд, преку полномошник
- тужител Македонски Телеком АД за електронски комуникации Скопје, преку полномошник
- тужен орган

Претседател на совет - Судија
Габријела Михајловска

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник